**20242103651**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 15 став (2) од Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 октомври 2024 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА РАНЛИВИ ПОТРОШУВАЧИ НА ЕНЕРГИЈА ЗА 2024 ГОДИНА

Член 1

Во Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.17/24) во членот 4 ставот (6) се менува и гласи:

„Доделувањето на потврда - ваучер од ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) на овој член го врши Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини со примена на принципот на најниски примања во домаќинство во 2023 година за секоја од категориите наведени во член 2 став (2) точка 2 од оваа програма, сé до исцрпување на предвидените средства со оваа програма.“.

Член2

Во членот 5 ставот (6) се менува и гласи:

„Комисиите од ставот (2) на овој член со примена на принципот утврден во член 4 став (6) од оваа програма, за лицата кои имаат поднесено уредна и комплетна документација, до министерот за економија и труд ќе достават извештај со прилог табели со уредни и комплетни барања, за издавање на потврди-ваучери за купување и вградување на високо-ефикасни инвертер клима уреди најдоцна до 15.10.2024 година, а министерот за економија и труд ќе ги достави истите до министерот за енергетика, рударство и минерални суровини најдоцна до 19.10.2024 година, заедно со целокупната документација по јавниот оглас.

Списокот со лица кои се стекнале со финансиска поддршка согласно оваа програма, се објавува на веб-страницата на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.”.

Во ставот (8) зборовите „Министерството за економија’’ се заменуваат со зборовите „Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини”.

Во ставот (9) во алинејата 3 зборовите „со кои Министерството за економија ќе склучи договор” се бришат.

Алинејата 4 се менува и гласи:

„-Комисијата ќе има за цел да ја утврди исполнетоста на условите за избор на правни субјекти кои вршат трговија на високо-ефикасни инвертер клима уреди наведени во јавниот повик и до министерот за економија и труд да достави извештај за избор со прилог табели со уредни и комплетни барања најдоцна до 15.10.2024 година, а министерот за економија и труд ќе ги достави истите до министерот за енергетика, рударство и минерални суровини најдоцна до 19.10.2024 година, заедно со целокупната документација по јавниот повик. Врз основа на извештајот за избор со прилог табели со уредни и комплетни барања, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини ќе склучи договори за начинот на искористување на доделените потврди-ваучери за купување и вградување високо-ефикасни инвертер клима уреди.”

Во алинејата 5 зборовите „Министерството за економија“ се заменуваат со зборовите „Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини”.

Член 3

Во членот 8 во алинејата 1 зборовите „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите „Министерството за социјална политика, демографија и млади“.

Во алинејата 2 зборовите „Министерството за економија“ се заменуваат со зборовите „Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини”.

Член 4

Во членот 9 во ставот (1) зборовите „Раздел 10001-Министерство за економија“ се заменуваат со зборовите „Раздел 10101-Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини“.

Во ставот (2) зборовите „Министерство за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите „Министерство за социјална политика, демографија и млади“.

Член 5

Во членот 10 зборовите „Министерството за економија“ се заменуваат со зборовите „Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 6

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 41-9714/3
8 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.